**20090300565**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 83-б став 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08 и 155/08), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР НА ДОНАЦИИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистар на донации за време на изборна кампања.

Член 2

Регистарот на донации за време на изборна кампања се води во форма на книга во А4 формат со поврзани и нумерирани листови на бела хартија.

На првата страна на книгата е аплициран симболот на организаторот на изборната кампања и под него стои име на организаторот на изборната кампања. На средината на првата страна на книгата стои натпис „Регистар на донации за време на изборната кампања". На долниот дел на страната се наведува адреса, седиште, телефон, факс и жиро сметка на организаторот на изборната кампања.

За секоја поединечена донација се пополнува посебен лист во кој ќе бидат внесени податоци за:

- името или називот на донаторот,
- видот и вредноста на донацијата и
- датумот на добивање на донацијата.

Член 3

Донираните средства во стоки или извршени услуги се искажуваат според пазарната цена на дадената стока, односно извршената услуга, врз основа на претходно обезбедена фактура од донаторот.

Член 4

Регистарот на донации за време на изборната кампања се води во пишана, а може да се води и во електронска форма.

Член 5

Формата и содржината на регистарот на донации за време на изборна кампања е дадена во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-1042/4
26 февруари 2009 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

________________________________________
(симбол на организаторот на изборната кампања)

________________________________________
(име на организаторот на изборната кампања)

**РЕГИСТАР**
**НА ДОНАЦИИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА**

______________________________________________________________
(адреса, седиште, телефон, факс и жиро сметка на организаторот на изборната кампања)

РЕДЕН БРОЈ__________СТРАНА______________

**1. ИМЕ ИЛИ НАЗИВ НА ДОНАТОРОТ**

☐ **правно лице** (единствен матичен број на субјектот-ЕМБС)

☐ **физичко лице**

**2. ВИД И ВРЕДНОСТ НА ДОНАЦИЈАТА**

**а. пари** (денари)

**б.стоки** (денари)

**в.услуги** (денари)

**3. ДАТУМ НА ДОБИВАЊЕ НА ДОНАЦИЈАТА**